**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ ОД СТРУМИЦА ЗА 2022 ГОДИНА**

## Содржина

Вовед и историјат на организацијата 4

Спроведени активности и резултати 5

# Вовед и историјат на  Организација на жени од Струмица

Организација на жени од Струмица (ОЖС) е основана во 1991 година и  триесет годиние една од ретките женски граѓански организации во Југоисточниот регион на државата која во континуитет работи на промовирање и застапување на родово базирани политики.

**Мисијата** на ОЖС е да придонесе кон активно вклучување на жените во сите сфери на општественото живеење.

**Визија** – Организацијата на жени од Струмица креира, промовира и застапува политики базирани на еднакви можности, економско јакнење и ненасилство преку кои жените ќе можат да ги реализираат своите потенцијали и способности.

ОЖС е активна на полето на јавно застапување на политики за активно учество на жените во процесите на планирање и одлучување, на поттикнување, промовирање и застапување на мерки за превенција и заштита од родово базирано насилство, како и на политики за одговорно, транспарентно и отчетно владеење.

Членовите на ОЖС се активистики кои располагаат со вештини и компетенции  за вклучување во активности насочени кон  остварување на целите на организацијата.

Извршната канцеларија на Организација на жени е составена од програмски раководител, и раководител за административно - финансиско работење.

**Принципи на работење**

- Еднаквост
- Професионалност
- Одговорност
- Тајност и заштита на личните податоци на странките
- Транспарентност и отчетност
- Развивање солидарност меѓу жените

Организацијата во своето работење особено се раководи од принципот на почитување на секоја личност, без разлика на нејзината национална, верска, социјална, сексуална или било каков друг вид на припадност.

**Главни цели на организацијата**

- Јакнење на капацитетите на жените за активно учество во креирање и застапување на родово одговорни политики;
- Промовирање и поттикнување на еднаквите можности, антидискриминацијата и ненасилство врз жените и девојчињата;
- Мониторинг и промоција на политики на одговорно, транспарентно и отчетно владеење.

**Главни целни групи**

- Жени, особено жените кои се активни на локално ниво
- Локална и централна власт
- Жени и девојки жртви на родово базирано насилство
- Деца и млади
- Сродни домашни и меѓународни граѓански организации

Целите на организацијата се остваруваат преку следните основни активности:

- Теренски активизам (директен контакт со целните групи)
- Аналитичко - истражувачки активности
- Мониторинг и евалуација: примена и спроведување на закони, стратегии, акциски планови и програми на институциите, извршување на буџети, трошење на буџетски средства, изработка на извештаи
- Јавно застапување
- Превентивно и информативно – едукативни активности за жените и општата јавност, со посебен акцент на жени и девојки жртви на родово базирано насилство
- Едукација на претставници на институциите
- Превентивнаи едукативна работа со деца и млади
- Бесплатна правна помош и консултации на жени и девојки жртви на родово базирано насилство
- Јавни настапи и кампањи

ОЖС, самостојно или во партнерство со други организации, е иницијатор на политики за унапредување на статусот на жената во општеството и има учествувано во креирање на стратегии и програми од областа на родовата активност, како и во застапувањето на истите пред локалните и централните власти.

Организацијата на жени од Струмица е единствената граѓанска организација на локално ниво која во своето работење применува: 1) вклучување на целните групи во идентификување на проблемите со кои се соочуваат и предлагање на решенија за истите; 2) јакнење на капацитетите и вештините на целните групи за застапувачки активности; 3) застапување пред локалните власти за вклучување на жените во процесите на планирање и одлучување; 4) мониторинг на реализацијата на буџетот и буџетските програми на локално ниво.

## СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ

Во 2022 година ОЖС работеше на спроведување на активности во рамките на следните проекти и :

1. Биди активна – биди гласна!
2. Институционална поддршка на ОЖС
3. Заедно кон родово одговорни заедници
4. Влијанието на КОВИД -19 врз патувањето и туризмот
5. Унапредување на родовата еднаквост во општина Босилово

Дополнително, организацијата спроведе анализа на родовата димензија на поддршката на општина Струмица на спортски здруженија и останати правни лица во областа на спортот во 2022 година во рамки на буџетската Програма за спорт и рекреација за 2022 (ЛО) и реализираше активности за истражување на потребите на ранливи категории на граѓани во Југоисточниот и Источниот регион.

### Биди активна – биди гласна!

**Активности**

А.1 Средби со жени во две локални заедници – Општина Струмица и Општина Босилово
А.2 Идентификување на проблемите и потребите со кои се соочуваат жените од две локални заедници за активно учество во процесите на планирање, буџетирање и донесување одлуки
А.3 Приоретизација на барањата и потребите на жените од двете локални заедници
А.4 Развој на модел за мобилизација на жените од локалните заедници
А.5 Кампања за застапување на проблемите и приортитетите на жените од четирите локални заедници
А.6 Мониторинг и евалуација на планирањето и извршувањето на буџетот

**Резултати**

Р. 1 Анимирани и охрабрени најмалку 40 жени за активно учество во процесите на планирање, буџетирање и на донесување одлуки
Р.2 Утврдени потреби и приоритети со кои се соочуваат жените од две локални заедници
Р.3 Зајакнати капацитети на најмалку 20 жени за граѓанско учество и застапување на проблемите и приоритетите во заедницата
Р.4 Развиен модел за мобилизација на жени од две локални заедници
Р.5 Мобилизирани најмалку 150 жени за учество во теренски акции и акции за застапување
Р.6 Спроведени 4 теренски акции во две локални заедници
Р.7 Прифатени најмалку 2 предлози/мерки за подобрување на квалитетот на животот на жените од страна на Локаните самоуправи на општините Струмица и Босилово (по еден од секоја општина).

### Институционална поддршка на ОЖС

**Активности**

А.1 Идентификување на проблемите и потребите со кои се соочуваат жените од три нови локални заедници за активно учество во процесите на програмирање и одлучување
А.2 Едукација и јакнење на капацитетите на жените за за ефективен придонес во планирањето и реализацијата на годишните програми и буџети на општините Струмица, Босилово и Ново Село
А.3 Работилници за јакнење на капацитетите на жените за за вклучување во структурите на

месната самоуправа во општина Струмица
А.4 Развој на механизам за унапредување следење, планирање и спроведување на мерки за превенција и заштита од родово базирано насилство во струмичкиот регион

**Резултати**
СЦ. 1 Зајакнати капацитети на жените за ефективен придонес во планирањето и реализацијата на годишните програми и буџети на општините Струмица, Босилово и Ново Село
СЦ.2 Жени од четири заедници имаат стекнато знаење за вклучување во структурите на месната самоуправа во Струмица
Р.2 Зајакнати капацитети на жени од седум заедници за застапување на проблемите и приоритетите во заедницата
СЦ3. Унапредена и зајакната соработка помеѓу институциите и граѓанските организации за превенција и заштита од родово базирано и семејно насилство

**<u>3. Заедно кон родово одговорни заедници</u>**

**Активности**
А.1 Мониторинг и анализа на буџетски програми на општините Струмица, Ново Село и Радовиш
А.2 Застапување на родово одговорни политики

**Резултати**
Р.1 Воспоставена соработка помеѓу претставници на ЛС-и и ГО-и од три општини за воведување на родовиот концепт во општинските буџети
Р.2 Зајакнати капацитети на 10 ГО за застапување и мониторинг на родови политики
Р.3 Промовирани наоди и препораки за родово одговорни политики
Р.4 Подобрена транспарентност и отчетност на три локални самоуправи во Југоисточниот регион преку нивната заложба за подобрување на родовата еднаквост во буџетскиот процес

2. **<u>Влијанието на КОВИД -19 врз патувањето и туризмот</u>**

**Цел:** Подобрување на знаењата на учесниците од партнерските организации од четири држави, на претприемачките и вработените жени во туристичкиот сектор за справување со влијанијата од пандемијата врз нивниот професионален и социјален живот.

**Активности**
А.1 Развој на методологија за евалуација на потребите
А.2 Едукација за јакнење на капацитетите на партнерските организации за дигитална трансформација
А3. Едукација за справување со психолошките ефекти од пандемијата
А4. Иновативни пристапи за маркетинг
А5. Завршна конференција

3. **Унапредување на родовата еднаквост во Општина Босилово“**

**Активности**
А.1 Средба со градоначалник на општина Босилово
А.2 Средба со координаторка за еднакви можности и со членови на КЕМЖМ
А.3 Организирање на еднодневна работилница за јакнење на капацитетите за родова еднаквост.
А.4 Дводневна работилница за изработка на Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Босилово за 2023

А.5 Организирање на дебата за презентација на нацрт Програма за еднакви можности на општина Босилово

**Резултати**

Р1. Опфатени 10 жени во идентификување на клучни приоритети за потребите на Програмата за еднакви можности на општина Босилово

Р2. Девет учесници (4 жени и 5 претставнции на ЛС) имаат зголемено занење за концептот на родова еднаквост

Р3. Девет учесници имаат стекнати знаења и вештини за интеграција на родовиот концепт во процесите на програмирање и буџетирање

Р4. Пет претставници на ЛС на општина Босилово (координаторка за еднакви можности и членови на КЕМЖМ) имаат зајакнати капацитети за нивната улога и надлежности

Р6. Девет учесници се вклучени во изработка на програмата

Р7. Најмалку 5 креирани мерки во рамки на Програмата за еднкави можности

Р8. Изработена Програма за еднакви можности на општина Босилово за 2023